Јавна здравствена установа
Здравствен дом „Гоце Делчев„
Бр. 04-674/5
05.02.2026 год.
ДЕЛЧЕВО

Јавна здравствена установа
Здравствен дом“Гоце Делчев“
Бр.04-674/5
05/02/2026 година
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014,199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016,142/2016 и 11/2018) и член 30 став 1 точка 13 од Статутот на Јавната здравствена установа Здравствен дом“Гоце Делчев“Делчево , ВД Директорот ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За избор на кандидат по Јавен оглас бр.1135/2025 за вработување на административен службеник**

1. За извршител на работното место **Советник за човечки ресурси** ,шифра на работно место **ЗДР0102В01004** со звање **Советник за човечки ресурси**,во **Одделение за човечки ресурси,правно и архивско работење,Сектор за правно-административни стручни и општи работи** во Јавната здравствена установа Здравствен дом“Гоце Делчев“Делчево, **се избира кандидатот** со идентификациски код-**4403219 Катерина Крушарска Велиновска**.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на ова Одлука за што ќе биде донесено посебно Решение.
3. Ова Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

**Образложение**

На ден 06.12.2025 година во дневните весници Нова Македонија , Слободен печат и Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија објавен е Јавен оглас бр.1135/2025 за вработување на административни службеници во Јавната здравствена установа Здравствен дом“Гоце Делчев“Делчево.

По објавениот Јавен оглас 1135/2025 година,Директорот на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија донесе Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас со архивски број 10-2607/5 од 18.12.2025 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас со архивски број 10-2607/ 10-296/1 од 14.01.2026 година .

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник на ден 24.12.2025 година и донесе Записник од извршената административна селекција за административен службеник со архивски број 10-2607/6 од 24.12.2025 година.

На ден 14.01.2026 година се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведениот испит за административен службеник со архивски број 10-2607/10-296/3 од 14.01.2025 година

На ден 16.01.2026 година спроведена е проверка на веродстојност на докази и интервју за административен службеник и се донесе Записник од спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со архивски број 10-2607/10-296/4 од 16.01.2026 година.

Од доставениот Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас број 1135/2025 година со архивски број 10-296/5 од 20.01.2026 година и наш број 04-674/3 од 05.02.2026 и Конечната ранг листа, ВД Директорот на Јавната здравствена установа Здравствен дом"Гоце Делчев"Делчево изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

***ПРАВНА ПОУКА**:Против Одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум(8) дена да поднесе Жалба до Агенцијата за администрација од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија.*

**ЈЗУ Здравствен дом**
**"Гоце Делчев"Делчево**
**ВД Директор**
**Спец. д-р Билјана Ѓеоргиевска**

Јавна здравствена организација Здравствен дом "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" п.о. Делчево

Доставено до :
*Архива;
*Агенција за администрација на РСМ;
*Одделението за управување со човечки ресурси, јавни набавки и архивско работење;
*Кандидатот;